Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5338 | 1 | |

во 14:56

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5230/1 од 27.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5230/1 од 27.10.2016 година, емитуван во периодот од 12 октомври до 21 октомври 2016 година .

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5230/1 од 27.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5230/1 од 27.10.2016 година, емитуван во периодот од 12 октомври до 21 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5230/1 од 27.10.2016 година, за периодот од 12 октомври до 21 октомври 2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамите на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување во период од 12 до 21 октомври 2016 година, ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, необезбеди изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин.

Прекршокот е констатиран на детален и експликативен начин, и е изанализиран во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-5230/1 од 27.10.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот", за член 75 став 1 од Изборниот законик, во табели и прилози прикажани во деловите со наслов, ***Дневно-информативни емисии*** и ***Други видови програми,*** при што е дополнително Привремената комисија констатира и дека:

Постои квантитативна дисбалансираност меѓу главните политички ривали, како кај застапеност кај информативните жанрови (табела 1), каде за ВМРО ДПМНЕ се отстапени 50:26 минути, додека за СДСМ се отстапено 31:54 минути. Информациите за централната извршна власт најчесто потекнуваат од нејзините редовни обврски, но има и мноштво

прилози за нејзини активности или резултати од политики со позитивен контекст. Кај квантитативната анализа на директните обраќања на субјектите (табела 2) констатирано е дека тој соодноc е 30:02 наспрема 16:37 минути. Соодносот е двоен, што секако не би било толку значајно ако се работи за мала минутажа посветена на двете партии, па дури и помала а двоцифрена минутажа, туку за навистина голема разлика во отстапениот простор, досега незабележен во анализите што ги прави Привремената комисија.

Ваквиот пристап секако треба да се гледа и низ неизбалансирано отсликување на настаните и активностите на двете партии, кое не е само квантитавивно, туку е и квалитативно претставување, колку исклучиво позитивното врамување (обојување) на прилозите кои се однесуваат на ВМРО ДПМНЕ и негативното или во ретки случаи неутрално отсликување (врамување) на активностите на СДСМ.

Така, во најавата на дневникот од 12 октомври водителот го врамува во негативен контекст пратеникот Петар Шилегов кој потоа, во вестите дава куса изјава прд Музејот на револуционерната борба и став за мерки за присустноста на НОБ во ова институција. Водителот дава коментар во најавата дека се работи за обид за „ревизија на историјата".

Во исто време, во тој дневник, се предава сегмент од прославата на успехот на младинската фудбалска репрезентација во која се става акцент на присуството на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски на истата, со што тој „презема дел од славата", без со ниту еден збор да се каже дека лидерот на опозицијата пак беше на целиот натпревар на кој немаше други политичари. Извештајот од Собранието на Република Македонија каде се дискутира за распуштањето на истото, е наклонет кон ставовите на владината коалиција, на сметка на оние на опозицијата. Тука е и големиот прилог „Три инвестиции во три региони", потоа говорот на Груевски за реализирани проекти на Владата, за канадска фирма која бара можност да инвестира, потоа за проширување на издавачката дејност, за финансирање на локалните стопанства и слично кои вкупно опфаќаат повеќе од половина од емисијата, независно од извештајот од Парламентот и за фудбалската прослава, што говори дека речиси целиот дневник е посветен само на една партија која е исклучиво прикажана во позитивен контекст. Од другите партии присутна е СДСМ со два прилози – соопштение за детските градинки и со кадри од акција на младите на оваа партија кои го чистат споменициците од НОБ.

Таквиот неизбалансиран пристап продолжува и во дневникот од 14 октомври каде имаме прилози со лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски, потоа долг разговор со потпретседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Тодоров во траење од 5:33 минути, во рамките на панел дебатата на оваа партија и уште неколку позитивни прилози за истата, со што се добива апсолутно доминантен простор во целата емисија, додека за опозицијата, односно СДСМ има два покуси прилози.

Во дневникот од 15 октомври главен простор е одново посветен на активностите на партијата ВМРО ДПМНЕ, и тоа преку настани како што е партиската трибина која се одржува во МОБ, а која се дели со повеќе наслови, зависно од говорниците. Како пример, само говорот на заменикот министер за внатрешни работи Митко Чавков, трае 4 минути (19:07 – 19:11) и со коментар во контекст на анкетата на јавното мислење на Институтот Павел Шатев. Тука се и неколку економски прилози кои ја дооформуваат сликата за ВМРО ДПМНЕ во апсолутно позитивно светло („Спортска сала во Кривогаштани", „Пензионерите од Прилеп", „Странските компании задоволни од климата..."), кои се заедно, исто така покриват 7 минути, со што оваа партија зема за себе практично цела емисија.

За опозицијата се отстапени три помали прилози (Оливер Спасовски во Охрид, СДСМ во Струга и Прилеп), направени во неутрален тон.

Во телевизискиот дневник од 16 октомври најголем простор е посветен на митингот на ВМРО ДПМНЕ во салата Борис Трајковски, во воведниот извештај 10 минути. СДСМ „компензира" со два прилози (акција на Заев во Струмица против сиромаштијата и

изјава на Петре Шилегов во Демир Хисар пред една неизградена фабрика), во вкупно траење од три минути. Прилозите имаат неутрален тон.

Во воведниот дел од дневникот на 17 октомври имаме аналитичко коментаторски прилог за една партија „Ветувањата на ВМРО ДПМНЕ се реални", а потоа има три прилози извлечени од трибината на оваа партија во МОБ во пропагандистички стил, каде се говори на економско – социјални теми (говори заменик минитерот за труд и социјална политика Диме Спасов и други), кои одземаат поголем дел од емисијата. Од СДСМ има едноминутен прилог со Заев за неговата акција против сиромаштијата (реприза од претходниот ден).

Во најавата од дневникот на 18 октомври се најавува двојазичноста, како „опција" на СДСМ. Таа добива исклучително негативен тон во прилогот на таа тема. Со оглед дека нема нови моменти во третманот на таа тема ова може да се смета за продолжување на црна кампања преку ист мотив против политичкиот противник. Во дневникот има неколку прилози извлечени од говорот на Груевски на митингот во „Борис Трајковски", потоа три економски прилози во траење од вообичаени пет минути (кога се работи за овој жанр). Од другите партии има еден прилог за СДСМ (Велес) потоа средбата Ахмети-Бејли и говор на Стевче Јакимовски (ГРОМ) дадени во неутрален тон.

Во дневникот емитуван на 20 октомври воведен прилог е оној посветен на владиниот проект за изградба на Клинички центар (три и пол минути), како и за изградба на регионални патишта, додека за другите партии нема ништо посебно што може да се издвои.

Последниот дневник од мониторираниот период, оној од 21 октомври започнува со врзување на СДСМ со вработувања во СЈО, што е исклучително негативен прилог за оваа партија и тоа уште во најавата. Има и подолг прилог – разговор со коментаторот Пандов за поврзаноста на СЈО и СДСМ (наслов „СЈО: Постои за потребите на СДСМ"). Искористена е една сосема неважна изјава на лидерот на опозицијата Зоран Заев и нема други извори за наведеното сознание (наслов).

Првите прилози во дневникот се посветени, во серија за наводните успеси на власта односно ВМРО ДПМНЕ (министерката за култура за реставрацијата на црквите, Изградбата на Клинички центар и слично).

Од изнесеното се гледа дека постои огромна диспропорција во известувањата за двете партии – политички противници при што самиот радиодифузер се претвора во гол пропагатор на партиските ставови на една партија (ВМРО ДПМНЕ) за сметка на СДСМ. Видливо е отсуство на интерес за останатите партии од политичкиот спектар.

Врз основа на предходно наведеното, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека постои прекршување по основ на член 75 став 1 од Изборниот законик, а со оглед дека прекршокот е повторен предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција - глоба.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________